# Е-БИЛТЕН БРОЈ 26

*Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој*





## ВОВЕДЕН ПОЗДРАВ

*Светлана Петровска - извршен директор*

*Почитувани читатели, тимот на ЗГ ЦеПроСАРД во февруари, март и април годинава, наоѓајки нови начини за време на кризната состојба, продолжи со имплементација на проектите, како на локално така и на национално ниво. Користејќи ги дигиталните алатки за комуникација придонесуваме кон справување со предизвиците од коронавирусот и реализацијата на проектните активности.*

*Во овој билтен за вас ги издвоивме онлајн обуките кои ги спроведовме во соработка со три средни училишта во Скопскиот Плански Регион, организираниот Завршен настан, здружување со организации за помош на лицата со попреченост сместени во Специјалниот Институт Демир Капија, вмрежување со граѓански организации кои работат во секторот енергетика и останатите активности кои тимот ги реализираше.*

*Ве покануваме да го прочитате најновиот број на нашиот Е-билтен и да ни се придружите во креирањето на идни нови, интересни и корисни активности за одржлив развој.*

ЦеПроСАРД

# Проект „Чиста енергија за чист воздух"

## Одржани обуки на тема „Намалување на аерозагадувањето преку намалување на потрошувачката на енергија во домаќинствата" во три средни училишта на град Скопје

Почитувајќи ги одлуката и заклучоците на Владата на Република Северна Македонија за мерки за спречување на внесување и ширење на корона вирус COVID-19, во месец април организиравме обуки со користење на дигитални алатки за комуникација.

Обуките беа организирани на тема „Намалување на аерозагадувањето преку намалување на потрошувачката на енергија во домаќинствата". Обуките ги одржавме за учениците од втора и четврта година во СЕТУГС „Михајло Пупин", СГГУ на Град Скопје „Здравко Цветковски" и СУГС Шаип Јусуф. Преку намалувањето на енергијата за затоплување на домовите делуваме кон намалување на аерозагадувањето – им беше укажано на учениците на обуката. За подобрување на енергетската ефикасност во домовите беа презентирани видови системи за греење, ладење, вентилација климатизација (HVAC), како и важноста за изолација на разводната мрежа за топла вода во домовите. Можности за подобрување на енергетската ефикасност беа презентирани преку воведување на системи за мерење, регулација и автоматика и со практични примери на користење на енергетски ефикасни светилки во функција на електричното осветлување. За утврдување на термичките топлински мостови кај објектите, практично беше прикажано користењето на термална камера.







## Одржан онлајн Завршен Настан преку платформата ZOOM

На настанот, како завршна активност од проектот "Чиста Енергија за чист воздух" беа проектниот координатор ги промовраше проектните резултати во областа за намалување на аерозагадувањето во Скопскиот плански регион, како и активностите на клучните мапирани чинители во проектот на тематиката.

Во воведниот дел од настанот свое обраќање имаа г-дин Јани Макрадули, заменик министер во Министерството за животна средина и просторно планирање, градоначалникот на Општина Карпош – г-дин Стефан Богоев, градоначалникот на Општина Бутел – г-дин Велимир Смилевски, како и претставник од Општина Шуто Оризари.

Директорите на средните училишта СГГУГС „Здравко Цветковски", СЕТУ „Михајло Пупин" и СУГС "Шаип Јусуф" дадоа свој осврт на активностите на училиштата во оваа тематика и инволвираноста на учениците во проектните активности. Свое обраќање имаа и г-дин Антонио Јовановски од здружението за одржлив развој и заштита на животната средина "Go Green - Биди Зелен" , како и г-ѓа Наташа Доковска од ЗГ "Новинари за човекови права" кои допреа до актуелни и важни теми за зелената економија и загувањето на амбиенталниот воздух.

Во завршниот дел на настанот свои презетнации имаа учениците од трите мапирани средни училишта, а г-дин Дејан Филипоски го презентираше изработениот Водич за енергија и животна средина и спроведените обуки во рамки на проектот.

*Водичот за енергија и животна средина е достапен на македонски и албански јазик на следните линкови:*

МК: https://bit.ly/3csFp1x     AL: https://bit.ly/35U5gwI














- *Почеток на проектот - 18 октомври 2019 година*
- *Донатор: Влада на Република Северна Македонија*
- *Имплементатор - ЦеПроСАРД*

# Здружување на граѓански организации за помош на лицата со попреченост за време на кризната состојба со COVID-19 пандемијата - активност во рамки на проектот “Заедно за повеќе можности и поддршка – ТИМОР”



- *Почеток на проектот - 02 јануари 2020 година*
- *Времетраење - 36 месеци (Јануари 2020 – Јануари 2023)*
- *Донатор: Европска Унија (ЕУ IPA II 2017, Акциона програма на ЕУ за поддршка на образование, вработување и поддршка на социјална политика во процесот на деинституционализација во социјалниот сектор)*
- *Имплементатори - ЦеПроСАРД во конзорциум со коапликантите: ЈУ Специјален Завод Демир Капија ; Општина Демир Капија; Фондација Лоза – Шведска и Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија*

На 9 април 2020 година во организација на Beaumont Sophie (EEAS-SKOPJE) програмскиот менаџер на проектот “Заедно за повеќе можности и поддршка – ТИМОР” учествувавме на онлајн состанокот на ЗООМ платформата заедно со претставници од Министерството за труд и социјална политика МТСП и невладини организации кои работат во социјалниот сектор. Целта на овој состанок беше да се утврдат можностите за поддршка и помош на лицата со попреченост сместени во институциите во Република Северна Македонија во време на вонредната состојба. На состанокот беа дискутирани можни солуции и начини за пресретнување на потребите и можностите за поддршка на лицата со попреченост и вработените во институциите каде тие се сместени за време на кризната состојба со COVID-19 пандемијата.

ЗГ ЦеПроСАРД ја пренесе информацијата на вториот состанок на конзорциумот на проектот. На овој состанок со ко-апликантите: Сојузот на специјалните едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија, Општина Демир Капија, Специјалниот Завод Демир Капија и Фондацијата Лоза од Шведска, дискутиравме за имплементацијата на проектните активности во услови на пандемија и можностите за помош на лицата со попречност сместени во институциите.
Особено внимание посветивме на состојбата и потребите на лицата со попреченост во СИ Демир Капија, која детално ни ја презентираше Александра Велкова, директор во Специјален Институт Демир Капија.

# Проект: „Поттикнување на руралниот и еколошкиот туризам преку паметни туристички информативни центри - FRET-STIC"

На 10 и 11 март 2020, беше организирана „Обука за психологија на потрошувачите и маркетинг на социјални медиуми“ како дел од проектот. Главната цел на обуката за психологија на потрошувачите и маркетинг на социјалните медиуми беше учесниците од Тетово и Призрен да се стекнат со основни познавања од тематиката што ќе им помогнат во нивните секојдневни активности со цел да разберат на што да се фокусираат при управувањето со нивната работа, особено на комуникацијата со акционерите и туристите.

Во согласност со активностите на проектот, на 16.03.2020 извршено е поставување на Туристички Инфо Центар на локација во Тетово, од страна на добавувачот „Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги Алуминка“ ДОО експорт-импорт Скопје.

На 23.04.2020, во согласност со одлуката и заклучоците на Владата за мерки за спречување на внесување и ширење на корона вирус COVID-19, координаторот за Мониторинг и обуки од Градење на прекугранични институции плус (CBIB+ III), претставникот на Здружениот технички секретаријат и претставникот од ЗГ ЦеПроСАРД, одржаа работен состанок по проектот преку апликацијата Скајп. За време на состанокот беа дискутирани и модифицирани вредностите на целите и индикаторите на проектот за последниот квартален извештај за 2019-та година.








- *Почеток на проектот - 15 мај 2018 година*
- *Времетраење - 15 мај 2018 – 14 мај 2020*
- *Донатор: ЕУ преку ИПА програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Косово*
- *Имплементатор - ЦеПроСАРД како лидер апликант, заедно со коапликантите: Општина Тетово и Regional Development Agency South, Косово*

# Проект: „Посилна граѓанска поддршка за ефективна примена на енергетските политики во процесот на пристапување во Европската унија"

Македонските ГО кои работат во секторот енергетика, како крајни корисници заедно со релевантните институции одговорни за имплементација на политики во оваа област, беа поканети да одговорат на прашалник подготвен за проценка на нивните потреби за надоградба на капацитетот преку обуки.

Врз основа на добиените пополнети прашалници, преку соодветна постапка, беше изготвен Извештај за проценка на капацитетите и потребите за обука на граѓански организации (ГО) кои работат во областа на животната средина и учествуваат во проектот. Според овој Извештај беа избрани и поканети соодветните ГО да учествуваат на:

- обуки во врска со новите политики на Европската унија за енергија и клима и најновите политики и мерки за енергетска ефикасност во Република Северна Македонија.
- подготовка на Заедничка иницијатива за соработка на граѓанските организации со институциите одговорни за политика поврзани со реформите во енергетскиот сектор на национално и локално ниво;
- учество на тркалезната маса со институции одговорни за реформите во енергетскиот сектор, на која ќе се разгледува Заедничката иницијатива за соработка.

Проектот ќе резултира со зајакнати капацитети на македонските граѓански организации за следење, лобирање и учество во процесите поврзани со имплементација на клучните реформи во енергетскиот сектор, подготвени препораки за имплементација на политиките во областа на енергетиката со фокус на ЕЕ и ОИЕ и зајакната свест и соработка помеѓу клучните чинители.

- ***Почеток на проектот*** *- 22 декември 2019 година*
- ***Времетраење*** *- 9 месеци (Декември 2019 – Септември 2020)*
- *Проектот го имплементира ЦеПроСАРД со грант доделен од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (SIDA) преку проектот „Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија" имплементиран од Канцеларијата на Обединетите Нации за проектни услуги (UNOPS)*

# Проект: „Болници на Балканот со енергија близу нула - ЗенХ"

- *Почеток на проектот - 01 декември 2017 година*
- *Времетраење на проектот - 1 декември 2017 - 30 ноември 2019 (продолжен 9 мес.)*
- *Донатор: ИНТЕРРЕГ Балкан-Медитеран 2014-2020 Европски фонд за регионален развој*
- *Имплементатори: ЦеПроСАРД; Демокрит Универзитетот во Тракија, Одделот за инженерство на животната средина, Ксанти, Грција; АЛБАФОРЕСТ, Албанија; Софија енергетски центар ДОО, Бугарија; Институт Кипар, Кипар*

Проектниот тим на проектот Болници на Балканот со енергија близу нула - ЗенХ, по реализираните теренски посети на избраните објекти - Специјалната гениколошко-акушерска болница, Скопје и во Охрид - Општата болница заедно со тимот експерти во зимскиот период - продолжија со работа во дигиталната дата база на податоци и подготовка на Извештај за реализираните активности, како и активно одржуваа состаноци со останатите партнери од проектниот тим.

# Усовршување на знаењето и вештините на тимот на ЦеПроСАРД




На 24 март 2020, тимот на ЗГ ЦеПроСАРД со свои претставници учествуваше на онлајн обука на Отворената сесија за конкурсите за грантови на ЕУ, во организација на ПроЕфект, Скопје.

На обуката учесниците се информираа за постапката за подготовка на проект, проектни методологии и програми за поддршка.

# Соработка со бизнис секторот

Во изминатиот период нашата организација за потребите на „Дигитал Центар" ДОО изработи енергетска контрола и физибилити студија за подобрување на енергетските перформанси и животната средина.

Главната активност на компанијата се состои од графички дизајн и печатење на големи формати – 2Д и 3Д светлечки и несветлечки реклами, производи од плексиглас, алуминиум, Алко бонд, Стирофом како и големи формати на ПВЦ принтови. Дополнително, по печатењето, компанијата нуди и финализирање и монтажа на производите. Оваа консултантска услуга за потребите на „Дигитал Центар" ДОО е финансирана од Европска банка за реконструкции и развој – Совети за мали бизниси во Република Северна Македонија.




